ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА

-ДЕКЕМВРИ 2022-

ПРЕДГОВОР

Локалниот економски развој е многу битен сегмент кој гарантира одржливост и развој на една единица за локална самоуправа односно општина. Овој план за локален економски развој е направен врз база на потребите и барањата на населението во нашата општина.

Ни претставува чест нам како Општина и јас како Градоначалник да бидеме вклучени во проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите (УСАИД СРМА) чија цел е преку партнерство да се зајакне одржливоста на општинските финансии и унапредување на процесот на фискална децентрализација. Се надеваме дека оваа соработка ќе биде гаранција на придобивки и успеси во локалната економија.

Ние како општина сме подготвени да го спроведиме овој план за локален економски развој бидеќи од посебна важност ни е да се зголеми инвестирањето од страна на приватниот сектор и да се овозможи одржлива економска средина која ќе даде придонес за дополнување и отварање на можности за економски активности во општината.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА

АРИЈАН ИБРАИМ

1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Овој документ план за локален економски развој на општина Центар Жупа е развиен за исполнување на економските цели на општината со вклучувањето во проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите има можност со помошта дадена од тимот да биде развиен на најефикасен начин.

Општина Центар Жупа како рурална општина се наоѓа во југозападниот регион во државата и е позната по својата чиста и здрава средина со природни пејсажи со можности за дополнителен развој со инвестирање во земјоделството, сточарството, туризмот и малите бизниси.

Како силна страна а и голема можност за подобрување на локалниот развој е и инвестирањето во својот роден крај на нашите печалбари кои се наоѓаат во западно европските држави и САД. Со посетата на нашите исселеници се зајакнува локалниот развој бидејќи тие инвестираат со градење и уредување на нивните куќи и куќи за нивните деца и скоро секогаш соработуваат со фирмите во општината за нивната градба и внатрешното уредување и така помагаат за локалните фирми да може да опстанат.

Производ од овој крај кој што е препознатлив е овчото сирење кое штом е произведено веќе е нарачано за продажба и е продадено во многу краток период. Исто така и некои земјоделски производи се препознатливи од овој крај бидејќи се произведени во чиста и здрава средина.

Во врска со туризмот во општината е изградена спомен куќата на таткото на Мустафа Кемал Ататурк кој што го носи епитетот Татко на Турција и е посетена од многу голем број на посетители посебно од Турција бидејќи сакаат да го посетат местото од каде потекнува овој голем и познат човек.

За жал во општината како што има силни страни и можности имаме и слаби страни и закани. Како слаба страна и закана е заминувањето на голем број од населението во странство или во поголемите градови во државава за подобар живот. Скоро во сите сектори во општината имаме намалување на работна сила а со тоа и намалување на бизнисите, земјоделците и сточарите. Овој тренд веќе е подолг период и претставува голем недостаток кој се одразува локално но и на повисоко ниво.

Во текот на изработката на овој план беше формирана стратегиска визија на општината и таа е: Општина Центар Жупа – посакувано место за жителите, инвеститорите и посетителите, со развиена инфраструктура и атрактивна туристичка понуда, со препознатливо културно и гастрономско искуство засновано врз локални земјоделски и сточарски производи произведени во чиста и здрава животна средина. Од оваа визија произлегуваат три стратегиски цели на општината. Тие се:

1.Подобрување на локалниот економски развој преку инвестиции во севкупната инфраструктура.

2. Посакувана туристичка дестинација базирана на чиста и здрава животна средина, и органско производство на здрава храна.

3. Создавање на услови за привлекување на нови бизниси, развој на постоечките бизниси и отворање на нови работни места

За да се постигнат овие стратегиски цели предвидени се активности и проекти во акцискиот план преку кои со нивно остварување ќе се подобри и унапреди локалниот економски развој. Некои од овие проекти и активности ќе бидат финансирани од буџетот на општината некои ќе бидат финансирани од централната власт додека за други ќе се бара да се финансираат од донаторски организации.

2. СОДРЖИНА

Предговор од Градоначалникот.....2
1. Извршно резиме.....3
2. Содржина.....4
3. Листа на кратенки 4
4. Вовед во планот.....5
5. Процес на изработка на План за ЛЕР.....7
6. Локална економска анализа.....8
7. SWOT анализа.....29
8. Визија и цели.....30
9. Акциски план.....31

3. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ЕЛС –единица на локална самоуправа

ЛЕР- Локален економски развој

SWOT- силни слаби страни можности и закани

M4EG- Градоначалници за економски развој

4. ВОВЕД ВО ПЛАНОТ

Општина Центар Жупа на ден 14.06.2021 година потпиша меморандум за соработка со Кардно Емергинг маркетс САД како главен изведувач и имплементатор на проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите (УСАИД СРМА) чија цел е преку партнерство да се зајакне одржливоста на општинските финансии и унапредување на процесот на фискална децентрализација.

Локалниот економски развој за единиците на локалната самоуправа е процес на стратешко планирање преку партнерства помеѓу локалната самоуправа, бизнис заедницата и невладините организации. Целта на оваа партнерство за локален економски развој е да се стимулираат инвестициите кои ќе промовираат одржлив висок раст во локалната заедница со создавање на подобри услови за отворање на нови работни места и подобрување на економските услови.

Важноста на локалниот економски развој е да се изгради економскиот капацитет на локално подрачје за да се подобри нејзината економска иднина и квалитетот на животот за сите жители на општината. Успешноста на локалниот економски развој се фокусира на зајакнување на конкурентноста, зголемување на одржливиот раст и обезбедување на инклузивност.

Општината Центар Жупа се наоѓа во Западниот дел на Северена Македонија и претставува дел од Југозападниот регион со вкупна површина од 107,21 км². Општината се протега од северо-запад кон југо-исток, заедно со Дебарското Езеро на северо-запад, се граничи со општина Дебар на северо-исток, општина Струга на југоисток, и повторно со Дебарско Езеро и Требиште во соседна Албанија на југо-запад.

Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа, подрачјето на општината Центар Жупа го сочинуваат следниве населени места: Бајрамовци, Баланци, Брештани, Броштица, Ласиќи, Голем Папрадник, Горно Мелничани, Горенци, Долгаш, Долно Мелничани, Евла, Елевци, Житинени, Кочишта, Коџаџик, Мал Папрадник, Новак, Осолница, Оџовци, Пареши, Праленик, Центар Жупа и Црно Боци.

Од пописот во 2021 година имаме 3720 жители со вкупно домаќинства од 1108 и 2454 станови резидентно население додека нерезидентно имаме 2435 жители.

Во подрачјето на Општина Центар Жупа се чувствува влијанието на континентална и планинска клима. Поради надморската височина климата станува поладна и повлажна, особено кога станува збор за количини на врнежи и температура, како и нивната распределба во текот на годината. Во долниот дел на течението на реката Радика преовладува умерено-континентална клима, која доаѓа по течението на реката Црн Дрим, Дебарско езеро, каде се влева и реката Радика. Тероторијата на општината, во делот на планинскиот масив на Стогово и врвот Бабин Срт кој се наоѓа на надморска висина од 2070 м поседува елементи и на Медитеранско биогеогравски регион. На овој локалитет се откриени многубројни фрагменти од фаунистички елементи кои припаѓаат на медитеранското подрачје со што оваа локација преставува посебен споменик на природата.

Општината има површина која зафаќа вкупно 6.520 ха, од која на обработливо земјиште отпаѓаат 15.5% или 1.010,6ха, пасишта 51.4% или 3.351,28ха, додека на шуми 33.1% односно 2.158,12ха. Од земјоделските култури најзастапени се пченицата, јачменот

и пченката. Шумскиот фонд е значаен фактор за развој на стопанство, а пасиштата се услов за развој на сточарството кое има традиција со векови.

Општина Центар Жупа со сообраќајна инфраструкура е поврзана со дел од општините во југозападниот плански регион. Најблиската соседна општина е Дебар која се наоѓа на одалеченост од 21 км. Во непосредна близина на градот Дебар е граничниот премин „Блато“, со Република Албанија на оддалеченст од 25 км. Општина Маврово и Ростуше е оддалечена 30 км. До автопат од Центар Жупа може да се стигне од две страни, и тоа преку Дебар – Струга – Охрид, со оддалеченост од 81 км и преку Маврово – Гостивар, со оддалеченост од 61 км, додека од меѓународниот аеродром во Охрид, општината е оддалечена 76 км. Општина Центар Жупа од главниот град на Република Северна Македонија, Скопје е оддалечена 160 км.

Општина Центар Жупа лежи на регионалниот патен правец Р-2249, кој поминува низ повеќето населени места и ги разделува неколку населени места и поминува по централното населено место населбата Центар Жупа, на кој исто така се приклучени со локални патишта сите населени места на општината. Додека од западна страна поминува регионалниот пат Р 1201 кој води до Скопје и Охрид и од северна страна поминува регионалниот пат Р 1202 кој води за Маврово, Скопје.

Проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите има многу важен пристап за поефикасно и поефективно работење на општината. Со техничката помош, советите и експертизата, градењето на капацитетите, личниот развој преку обуки и менторство, размена на искуства и учеството на состаноци ќе се обезбеди зголемување на сопствените извори за финансирање на општината, зголемен пристап до надворешно финансирање, зголемено ниво на извршување на буџетот на општината и подобрување на процесот на децентрализација и зголемување на ефикасноста во планирањето на локалниот економски развој.

Планот за локален економски развој е развиен за исполнување на економските цели на општината со вклучувањето во проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите има можност со помошта дадена од тимот да биде развиен на најефикасен начин. Овој план не е сеопфатен и не ги заменува постоечките планови на општината. Неговиот фокус е тесно поставен на развојот на приватниот сектор за да се зголеми растот, развојот и вработеноста. Други области нема да бидат вклучени во планот.

Според проектот на УСАИД изработката на овој план за локален економски развој на општина Центар Жупа е од големо значење и за двете страни. Испраќаме голема благодарност од општина Центар Жупа до тимот на Проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите за понудената помош за изработка на овој план и се надеваме дека и од наша страна ќе бидете задоволни на соработката. Овој план ќе биде многу значаен за идните чекори на општината во сферите на локално економскиот развој кој што ќе се одразува и на регионалниот развој на ниво на цела држава.

5. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ

Планот за лер на општина Центар Жупа е развиен од страна на општината со техничка поддршка (градење капацитети и менторство) на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите следејќи ја методологијата дизајнирана во рамките на Проектот финансиран од ЕУ,, Градоначалници за економски раст (M4EG).

Според оваа методологија имаме изработка на план каде што се вклучени три страни и тоа приватниот, јавниот и граѓанскиот сектор. Со учество од секоја страна се придонесе во изработката на овој план на најдобар начин. Најдобар метод кој се покажа ефикасен во текот на изработката на овој план беше со прашалници дистрибуирани до приватниот и граѓанскиот сектор за да се соберат што повеќе информации предлози и забелешки. На две седници на советот на општината предлог делови од овој план беа ставени на дневен ред каде што советниците имаа право да дадат свои забелешки. Исто така имаше и неформални средби со приватниот сектор и со граѓанскиот сектор каде што беа прашани низ разговор за нивни предлози забелешки и препораки. Дел од општинската администрација исто така беше вклучена да размислуваат и да даваат предлози и препораки како вработени во општината и како жители на општината.

6. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

6.1 АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Општина Центар Жупа е печалбарска општина каде жителите претежно работат во европските земји и САД. Доаѓаат повремено да ги посетат своите блиски и родното место. За локалниот развој печалбарите се многу значајни бидејќи дел од својата заработка ја трошат во општината со градење на куќи, реновирање, набавки и со тоа се влијае и на развојот на приватниот сектор. За инвестиции во отворање на бизниси од нивна страна има многу слаба желба поради проблемите со кои би се соочиле во процедурите и законската рамка на локално и национално ниво и поради што веќе животот си го дооформуваат во странство.

Во општината се регистрирани 77 трговски друштва од кои 70 се микропретпријатија и 7 мали претпријатија. Според неофицијални податоци и според моменталната ситуација во општината на постоечките фирми имаме многу мал напредок на развој на веќе основаните бизниси. Одкога почна корона кризата многу од фирмите претрпија загуби и мала беше помошта од страна на државата па некои одлучија да затворат и си заминаа во странство а тие што сеуште функционираат во тој кризен период претпрпија големи загуби што сеуште си имаат тешкотии да се свратат на нивото на кое биле пред корона кризата. Може да се каже дека некои од нив веќе размислуваат да ги затворат своите бизниси или пак да дадат отказ од своите работни места и да заминат во

странство бидејќи нашле можност да работат таму. Оваа бројка на приватни бизниси во последниве години не бележи раст.

Во однос на сточарството и земјоделството како развиен сектор во минатото и најпознати по производството на најдоброто овчо сирење и органски земјоделски производи во денешно време бележи опаѓање. Луѓе кои се занимаваат со сточарство и земјоделство се во постојан пад најмногу поради недостиг на човечки фактор кој што сака да го работи сточарството и земјоделството.

Во општината како најрастечки сектор и најпрофитабилен може да се каже е градежниот бидејќи скоро сите печалбари доаѓаат во родниот крај и инвестираат во изградба на куќи кои се опремуваат со најновите модни трендови. Сите овие куќи и објекти се градат од страна на градежните фирми во општината со материјали снабдени од локалните фирми за увоз и извоз на градежни материјали. Имаме едно комунално претпријатие основано од страна на советот на општината кое се грижи за снабдувањето со вода за пиење и собирањето на отпадот во населените места.

Во однос на образованието во општината имаме две основни училишта и пет подрачни училишта и една општа гимназија. Во двете основни училишта заедно со подрачните училишта имаме 100 вработени наставници додека во средното училиште има 21 вработено лице. Во општинската администрација има 20 вработени лица (службеници и технички персонал).

Во врска со туристички атракции на подрачјето на општина Центар Жупа е изградена спомен куќа на таткото на Мустафа Кемал Ататурк и пешачко велосипедска патека со одморалиште покрај Дебарското езеро. Посетеноста на општината последниве неколку години се зголемува поради изградената спомен куќа на таткото на Мустафа Кемал Ататурк каде што посетеноста има можност да се зголеми уште повеќе со зголемено промовирање посебно во Турција каде што Мустафа Кемал Ататурк го носи епитетот татко на Турција.

Во општината во однос на здравството има еден здравствен дом со дежурна служба и три приватни здравствени установи и има една стоматолошка ординација. Додека за поголеми потреби од здравствената област жителите се упатуваат до најблискиот град Дебар и таму завршуваат некои од здравствените потреби или се упатуваат дополнително до поголемите државни клиники.

Прирачник 2: Табела за презентирање на компаниите од приватниот сектор

Вид на економска активност	***Број и % на компании (според класификација)***			
	Микро	***Мали***	***Средни***	***Големи***
Индустриско производство				
Земјоделство	22			
Преработувачка индустрија	5	2		
Трговија	18	3		
Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издавачка дејност, односи со јавноста (PR)				
Финансиски услуги				
Медицински услуги	5			
Правни услуги (нотари, адвокати)				
Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.)	3			
Ресторани, кафулиња, барови итн.	4			
Хотели, хостели, итн.				
ИТ услуги				
Транспорт	3			
Градежништво	9	2		
Комуникациски услуги				
Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, веб дизајн, социјални медиуми, настани)				
Управување со отпад	1			
Туризам				
Културно наследство				

СИЛНИ СТРАНИ	СЛАБИ СТРАНИ
1. Одлична локација за предуслов за развој на нови бизниси кои спаѓаат во лесна и преработувачка индустрија	1.Непостоење на урбанизирање на населени места и немање соодветни урбанистички планови
2. Изграден Музеј на таткото на Мустафа Кемал Ататурк во општина Центар Жупа	2. Немање на мали и големи претпријатија
3. Еколошки чиста средина за развој на бизниси поврзани со земјоделството и сточарството	3. Немање на брендови од познатото овчо сирење од овој регион

6.2 ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

Во однос на локалната соработка и вмрежување во општината нема некоја посебна единица формирана во која членуваат бизниси од приватниот сектор. Соработката на Градоначалникот со приватниот сектор секогаш била на високо ниво и секогаш може да се разговара и да се побара помош од општината за проблемите на приватниот сектор и ако се има можност да се помогне. Но за жал некои проблеми на фирмите тешко се решаваат поради вклученоста на повеќе институции. Кога се работи за некој проблем на локално ниво решавањето на одредена потреба на деловниот субјект се решава директно фирма општина но кога треба да се добијат одговори и од надворешни институции тогаш фирмите се жалат на тој долг период за решавање на нивниот предмет бидејќи нема унфицирана и заедничка платформа со сите институции за побрзо решавање на предметот. Во советот на општината има формирано постојана Комисија за финансирање буџет и локален економски развој со членови од советот која по потреба со предлози доставени од страна на приватниот сектор заседава и се труди да помогне во проблемите на бизнисите.

Бидејќи општина Центар Жупа е со мал број на бизниси самите сопственици на бизнисите имаат пристап во секое време да добијат поддршка од општината поединечно. Но треба да се размисли за подобрување на соработката со поставување на платформа во која ќе може да бидат вклучени сите чинители и тоа општината, советот, бизнис секторот, земјоделците, сточарите и сите заинтересирани страни кои би сакале да добиваат информации и упатства од страна на општинската власт.

Прирачник 3: Оценка на локалната соработка

Наслов и/или функција (област/тема за која се однесува)	***Институции/ Вклучени лица***	***Постигнувања (исто така наведете како функционира – на пр. планира, спроведува проекти, дава услуги, дали соработката е трајна или привремена***	***Оценка: корисна или некорисна***
Помош и соработка со фирмите од страна на локалното раководство со одржување на средби	*Општина* *Градоначалник* *Администрација* *Советот на општината* *Комисија за финансирање буџет и локален економски развој* *Бизнис сектор*	*Единствен начин на соработка за помагање и решавање на одредена потреба на фирмите во која се вклучени општинската администрација, градоначалникот, советниците преку комисијата за финансирање буџет и локален економски развој за да се заврши успешно одредена потреба на поднесувачите на барањата (деловните субјекти). Најголеми потреби и проблеми за решавање на бизнис секторот биле од областа на урбанизмот,*	*корисна*

СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
1.Излезено во пресрет секогаш за потребите на приватните бизниси од страна на локалната власт	1. Немање на доволно вработени во општината за поголема ангажираност со приватниот сектор
2. Тимски дух за соработка и помош на приватниот сектор	3. Немање на заеднички механизам односно платформа за соработка и комуникација помеѓу бизнис секторот и општината.

6.3 БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Во општината нема унифициран систем со кој сите заинтересирани страни може да добиваат информации или упатства кои им се потребни во моментот. Бизнис секторот земјоделците сточарите имаат средби формални или неформални со Градоначалникот или со некој од вработените во општината во однос на некоја нивна потреба и како да добијат услуга или информација за каде да се обратат може да добијат упатувања од локалната власт. Без разлика дали со поднесување на барања или со лична посета во општината бизнис секторот секогаш бил услужен во рамки на можностите.

Најбрз пристап до некоја информација е самото лице сопственик на фирмата да се обрати до општината или друга институција која ја поседува таа информација и да ја искористи за своите потреби. Интернетот е најефикасен начин за пренос на битни информации за фирмите и треба да се убедат фирмите за поголемо користење на интернетот за да добијат новости со кои би можеле да имаат напредок во својата работа. До општината може да се обратат и со јавување или пак праќање на маил за да прашаат за некое нивно барање на информации.

Општина Центар Жупа на својата веб страна ги става сите потребни информации за јавните набавки склучените договори реализираните договори и се друго поврзано со јавните набавки. Општината во последниов период имаше зголемување на нивото на транспарентност со поставување на најбитните документи и информации на својата веб страна.

Советот на општина Центар Жупа е од отворен карактер и може да присуствува секој заинтересиран во однос на точките на дневниот ред. Исто така може да се доставува барања, предлози и претставки до советот за кои ќе се дискутира на нивна седница. Секоја одлука и заклучок донесени од советот се објавуваат во службен гласник и гласникот се става на веб страната на општината и на огласната табла. Во најблиската општина Дебар има ТВ канал кој го покрива и работењето на општината со емитување на поважните информации во врска со општина Центар Жупа.

Прирачник 4: Анализа на бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

(Раст) Сектор и (подсектори)	***Главни предизвици за кои е потребна поддршка на бизнисот***
Сите сектори (хоризонтално)	*Недоволно инвестиции во инфраструктурата, сточарството, земјоделството, туризмот*
Сектор (подсектор) 1 *Лесна и незагадувачка индустрија*	*Лесна и незагадувачка индустрија во општната е најмногу застапена бидејќи кај нас најголемите фирми ни се во овој сектор. За подобрување на ситуацијата на постоечките деловни субјекти во општината и создавање на услови за отворање на нови субјекти во овој сектор потребно е да се создадат подобрени услови за функционирање на постоечките бизниси во овој сектор и привлекување на нови инвестиции. Некои од мерките за создавање на подобри услови се; инфраструктурно подобрување на областа каде што постоечките бизниси работат и можност за нови бизниси да се отворат во тие делови со означување на една мини индустриска зона на таа локација, помош при обуки на работна сила за вработување во овој сектор согласно потебите а со тоа намалување на исселеноста на населението, мотивација за инвестирање во општината со ослободување на одредени давачки кон општината за нови бизниси. Редовни средби на градоначалникот и администрацијата со бизнис секторот за помош при решавање на потребите, и се друго неопходно за унапреден локален развој со подобрување на условите за функционирање на постоечките бизниси и создавање на услови за нови инвестции.*
Сточарство и земјоделство	*Општината секогаш се залагала за отварање на пристапни патишта за сточарите до бачилата и за помош на земјоделството за наводнување на локациите каде имаме земјоделски култури. Некои од мерките за подобрување на условите за работа во овој секотор сточарството и земјоделството во идниот период би биле подобрена инфраструктура со зголемени инвестиции во изградба на патишта и наводнување на локации погодни за одгледување на земјоделски култури, помош при откуп на сточарските и земјоделските производи, помош за зголемување на промотивност на овие производи добиени од овој дел на државата како органски и здрави производи.*
Градежништво и трговија	*Во нашата општина имаме многу искусни занаетчии и трговци кои се квалитетни работници и кои треба да им се помогне во некои нивни потреби да имаат подобри услови во работата. Некои од мерките во овој сектор каде би се помогнало за создавање на*

	подобри услови во нивното работење е давање на советодавна помош, помош при аплицирање на некои јавни повици за проширување на нивниот бизнис, при увоз и извоз на материјали и производи да им се излезе во пресрет, помош при обучување на млад кадар за овој сектор.
Туризам	*Општината како рурална со чиста животна средина и со традиционално живеење во последниве години има зголемување на посетеноста од туристи. Најголемо влијание на поголема посетеност има музејот на таткото на Мустафа Кемал Ататурк отворен во 2014 година. Исто така уште една локација која е значајна за туризмот и зголемување на посетеноста е велосипедската патека која го поврзува центарот на општината со крајбрежјето на дебарско езеро кадешто имаме одморалиште со поставена опрема за пикник. Овие две локации се значајни за општината и како мерка за зголемување на посетеноста е нивно надградување со општински или приватни инвестиции во овие локации како на пример изградба на сместувачки капацитети.*

СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
1. Постоењето на волја од страна на општината да им се излезе во пресрет на приватните фирми во решавање на нивните проблеми.	1. недостатокот на кадар за давање на посоодветни услуги за фирмите.
2. Зголемена транспарентност со зголемување на користењето на интернетот и веб страницата на општината во овој период.	2.Немање на платформа за деловно здружување на бизнис сектор и локална власт.

6.4 ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ

Пристапноста на бизнисите до финансиски ресурси е тежок чекор и еден од најголемите проблеми на фирмите целокупно за сите фирми на ниво на држава како и фирмите кои се основани во нашата општина. Најголем дел од фирмите користат кредити понудени од банките во согласност со сума која им е битна за нивниот развој и проширување на бизнисот зависно во кој сектор спаѓа бизнисот. Сите банки имаат свои програми за давање на кредити за мали бизниси.За кредитни можности најблиските

експозитури на банки се наоѓаат во општина Дебар каде што сите експозитури се услужливи и се трудат да им дадат информации во врска со кредити за развој на нивниот бизнис. Во општината нема ниедна експозитура на банка и тоа претставува голем проблем на фирмите во нашава општина бидејќи и за мала работа која треба да се заврши во банка мора да одат до градот Дебар.

За постоечките извори на финансирање за развој на бизнисот повеќето од фирмите немаат доволно знаење посебно за некредитни можности односно фондови и програми за кои е тешка процедурата на спремање на документација за да се добие ваква финансиска помош. Во скоро време со пандемијава фирмите се соочија со многу тешкотии посебно тие што имаа кредити. Како предлог од страна на фирмите за поголем пристап до финансии е да се помогне од страна на државата во јакнење на свесноста и капацитетот на компаниите за да може успешно да користат надворешни средства за финансирање фондови. Оваа може да се постигне со обезбедување на техничка помош за подготовка на проектни апликации и бизнис планови, одржување на обуки и субвенционирани консултански услуги. Со заедничко работење на државно и локално ниво во самата општина со компаниите може да се добие поголемо знаење и да се искористат можностите за надворешно финансирање а со тоа унапредување на развојот на фирмите.

Прирачник 5: Пристап до финансиски ресурси

Институција/донатор (вклучително банки и други кредитни институции)	**Клиенти кои исполнуваат критериуми/корисници (за кого се наменети финансиските средства)**	**Економски сектор/активности**	**Минимална и максимална сума која е на располагање**	**Барања за обезбедување (хипотека, итн.)**
Кредитни институции, Банки (Стопанска Банка, Халк банка, Комерцијална банка, Тетекс банка_)	**Приватен сектор (микро, мали, средни и големи претпријатија**	**Сите сектори (Кредит за мали претпријатија, кредит Набавка на опрема, кредит за деловен простор, Кредит за набавка на возила,)**	**Во зависност од понудите на банките и можностите на претпријатијата и нивната големина**	**Во зависност од условите на банките и сумата на кредитот обезбедувањето може да биде со хипотека, депозит меница и жиранти, залог на подвижен предмет и др.**
Национални програми и фондови	**Сите претпријатија**	**Сите сектори**	**Во зависност од програмата и фондот на располагање**	**Според условите на повикот за аплицирање**
Донации	**Сите деловни субјекти**	**Сите сектори**	**Во зависност од нивната објава за донирање**	**Според објавениот повик за аплицирање**

СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
1. Администрација која е услужна за консултации за финансиски ресурси	1. Немање доволно информации за финансиските ресурси и знаење
2.Услужни експозитури на банки во најблиската соседна општина	2. Слаб интерес во јакнење на свесноста и капацитетот на компаниите за да може успешно да користат надворешни средства за финансирање фондови.

6.5 ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА:

Повеќето од фирмите во приватниот сектор си имаат свои земјишта на кои си изградиле објекти и ги користат за развој на нивниот бизнис. Тие што побарале помош од општината или што имале поднесено барања за одобрение за градба до одделението за урбанизам или предмети за легализација секогаш се услужиле во рамките на законот. Иако општината нема урбанистички план секогаш се труди да им обезбеди локација за основање на нова фирма. Пред скоро ние изработивме урбанистички план за рурална развојна зона во која ќе им се даде можност на идни инвеститори за отворање на нови погони, фабрики со кои би се задржале младите да останат во општината да работат.

Во таа локација во која е изработен урбанистичкиот план за рурална развојна зона веќе има три погони кои работат успешно и се надеваме дека се пример за идни нови инвестиции. Во центарот на општината има неколку деловни објекти кои функционираат. На некои од нив им треба поголема површина за развој но за жал поради делови кои се во приватна сопственост нема можност за проширување. Во сопственост на општината има работни простории кои би можело да бидат дадени на користење на фирми и трговци поедници за нивни привремени потреби. Тие кои веќе имаат работни простории повеќето се во објекти во приватна сопственост лична или пак плаќаат ќирија.

Прирачник 6: Потреби на приватниот сектор за земјиште и инфраструктура

Искажани потреби на приватниот сектор според вид на инфраструктура	**Постоечко ниво на понуда во овој сегмент**	**Индикативни идни потреби/барања (во следните 6 години)**	**Недвижност во јавна сопственост која би можело да се искористи**
Работилници за микро претпријатија или трговци поединци (со или без споделена опрема)	**Нема**	**Обуки со организирање на работилници за микро претпријатија**	**Има општински простории кои би можеле да се дадат на привремено користење за организација на обуките сопственост на општината**
Канцелариски простории – (со или без споделена опрема	**Нема**	**Со унапредување на локалниот развој и согласно потребите на приватниот сектор би се зголемиле и барањата за дополнителен простор за нивно проширување,**	**Простории во сопственост на општината**
Бизнис инкубатор (< 10 почетни бизниси (start-up)/микро претпријатија; > 10 почетни бизниси (start-up)/микро претпријатија)	**Нема**		
Индустриски парк	**Нема**	**Индустриска зона за идни инвеститори**	**Има државно земјиште**
Научен/Технолошки парк	**Нема**	**Нема**	

СИЛНИ СТРАНИ	СЛАБИ СТРАНИ
1. Државно земјиште за располагање на општината	1. Немање на доволно урбанистички планови за локации за отворање на нови погони
2.Исселеници кои би инвестирале во купување на земјиште објавено за продажба од општината	2. Немање продажба од страна на општината на државно земјиште на бизнис секторот

6.6 РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Приватниот сектор во некои случаи не е задоволен од институциите севкупно бидејќи има многу големи процедури за да се добие некој вид на документација. Исто така и на локално ниво во некои од случаите на барање на документација бизнис секторот има негативно мислење и тврди дека постои бирократија.

Општина Центар Жупа нема едношалтерски систем и стигнувањето на документацијата до општината е преку архивата на општината во печатена форма па потоа се распределува до вработените во општината. Некои барања посебно барањата за пристап до информации од јавен карактер се испраќаат на општинскиот маил скенирани и потоа и одговорот се доставува исто така скениран. Барањата кои треба да се испратат до подносителот од кога ќе се изработи предметот одговорот се доставува до подносителот преку архивата на општината. Се трудиме секогаш да се достави во краток можен рок но понекогаш тоа не е изводливо од некои непредвидени причини. Ако во доставеното барање е наведено дека може да се достави одговорот по маил тогаш се скенира и се доставува до подносителот. Овој начин е побрз и полесен но се користи за одредени барања. Во врска со институциите во многу случаи нема координација меѓу нив и се случува подносителот да дојде да праша неколку пати за предметот ако општината е таа која треба да добие одговор по неговото барање од друга институција. Со одобренијата за градба сета документација треба да се поднесе до општината и треба да поминат сите процедури за да се добие одобрението. Тоа оди бавно бидејќи не зависи само од општината туку и од другите институции кои треба да дадат мислење а нивните одговори доаѓаат многу бавно.

Прирачник 7: Регулаторна и институционална рамка

Договорени регулаторни предизвици	**Големо/мало негативно влијание**	**Главна јавна институција инволвирана**	**Обем на локално решавање на проблемот** (детали)
Урбанизам – Недоволна координација	*Големо негативно влијание*	*Општина*	*Поедноставни постапки за добивање на документација и побрза координираност со надворешни институции поврзани за добивање на документацијата со краен документ одобрение за градба*
Немање на едношалтерски систем	*Големо негативно влијание*	*Општина*	*Понавремено движење на документацијата и без препреки да пристигне до службеното лице за нејзина обработка со поставување на прием преку шалтер.*
Немање координација на јавните и државните институции	*Големо негативно влијание*	*Министерства, катастар, агенција за администрација, центри за социјална работа општина*	*Вклучување во единствена мрежа со користење на интернетот на сите институции за решавање на одредени предмети поднесени од жителите на општината*

6.7 ВЕШТИНИ, ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ИНКЛУЗИВНОСТ:

Во однос на образованието во нашава општина има основни училишта и една гимназија општа. Во најблиската општина Дебар исто така има само една општа гимназија што претставува проблем за децата кои сакаат да се запишат во средно стручно училиште треба да одат во другите градови и таму да учат.

Но поради големите трошоци кога живееш подалеку од својот дом многу од децата се запишуваат во општата гимназија во општината а со тоа се создаваат проблеми од немање на стручен кадар за нивен ангажман во фирмите во општината. Голем број на стручни работници последно време заминуваат во европските држави и САД и фирмите остануваат без работници кој е најголемиот проблем за нив.

Се жалат дека не можат да најдат стручни работници дека и тие што ги имаат квалификувани поради долгогодишно работење во фирмата си заминуваат а нив нема кој да ги замени и фирмите се принудени да вработат неквалификуван работник кој треба прво еден период да се обучи па потоа и тој можно е да сака да си замини. Понекогаш иако фирмите работат успешно не сакаат да се прошират поради тоа што немаат стабила работна сила. Агенција за вработување има некои мерки кои се користени од страна на мал број на фирмите во општината за обука на практиканти на работното место потоа вработување. И оваа мерка повеќето ја согледуваат како тешкотија бидејќи делот на обучените лица што фирмата треба да го задржи на работа и тие лица во периодот на нивниот ангажман ги напуштаат фирмите и си заминуваат странство на работа. Тоа создава проблем на фирмата во наоѓање на друг работник со истиот профил а условена е да мора да го задржи истиот број на вработени. И повеќето од фирмите и оваа можност од агенцијата за вработување не ја користат. Како заклучок може да се каже дека нашиве фирми општо на ниво на држава обучуваат работници за да заминат во странство на работа поради подобра егзистенција. И фирмите се соочуваат со немање на работници. И тука треба да се најде заедничко решение од страна на државата и општината заеднички да се увиди ситуацијата на локално ниво што се случува и да се преземат мерки за помош на фирмите за нивен опстанок.

Состојба во однос на вештини:

Сектор (Според Прирачникот 1]	***Моменталната состојба во однос на вештини (пр.. значителни/мал недостаток/несовпаѓање на понудата и побарувачката/ вишок на понуда)***	***Проектирана идна состојба (вештини (пр.. значителни/мал недостаток/несовпаѓање на понудата и побарувачката/ вишок на понуда)***	***Можни полиња на делување***
Земјоделство и сточарство	*Значителен недостаток*	*Значителен недостаток*	*Соработка со Агенција за вработување за одржување на обуки за стручен кадарнаменет за овој сектор* *Стручно насочување на учениците, промовирање на практиканство во фирмите со можност за идно вработување*
Преработувачка индустрија	*Значителен недостаток*	*Значителен недостаток*	*Соработка со Агенција за вработување за одржување на обуки за стручен кадарнаменет за овој сектор* *Стручно насочување на учениците, промовирање на практиканство во фирмите со можност за идно вработување*
Трговија	*Значителен недостаток*	*Значителен недостаток*	*Соработка со Агенција за вработување за одржување на обуки за стручен кадарнаменет за овој сектор* *Стручно насочување на учениците, промовирање на практиканство во фирмите со можност за идно вработување*
Градежништво	*Значителен недостаток*	*Значителен недостаток*	*Соработка со Агенција за вработување за одржување на обуки за стручен кадарнаменет за овој сектор* *Стручно насочување на учениците, промовирање*

			на практиканство во фирмите со можност за идно вработување
Транспорт	*Значителен недостаток*	*Значителен недостаток*	*Соработка со Агенција за вработување за одржување на обуки за стручен кадарнаменет за овој сектор* *Стручно насочување на учениците, промовирање на практиканство во фирмите со можност за идно вработување*
Услужна дејност	*Значителен недостаток*	*Значителен недостаток*	*Соработка со Агенција за вработување за одржување на обуки за стручен кадарнаменет за овој сектор* *Стручно насочување на учениците, промовирање на практиканство во фирмите со можност за идно вработување*

Како општината е организирана во однос на усогласување на работните вештини со можностите за вработување - системска анализа:

Силни страни на сегашниот начин на работење	***Рангирање според важност (1-5)***	***Слаби страни на сегашниот начин на работење***	***Рангирање според важност (1-5)***
Волја и подготвеност на општината за да биде посредник меѓу невработените и приватниот сектор	*5*	*Несоодветна поставеност на фирмите за нивните потреби од стручни работници*	*5*

Давање на совети со одржување на средби	*5*	*Немање волја на младите да се запишат во стручни училишта*	*5*

Можни подобрени начини на работење
Поголема координација помеѓу фирмите, училиштата и родителите на учениците за можностите ако децата им се запишат во стручни училишта. *Повеќе средби на вработени во стручни училишта и ученици пред започнување на уписот во средните стручни училишта.* *Зголемување на практиканството да е обврска на ученици од страна на средните училишта да имаат можност учениците да го искусат работењето во одреден сектор*

6.8 НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ

Општина Центар Жупа како рурална општина има свои предности кои произлегуваат од самиот тој збор рурална. Многу од луѓето што живеат во градовите секогаш кога ќе најдат можност да отидат во некое рурално подрачје ја користат таа прилика. Така и во нашава општина имаме голем број на посетители кои доаѓаат често и на кои ги привлекуваат руралните предности. Нашава општина секогаш се труди да ги угости овие посетители за тие повторно да дојдат. Проблем е сместувањето бидејќи немаме хотели во општината но некои кои сакаат да останат неколку дена да увидат повеќе локации тогаш во нашава општина прават еднодневна екскузија и продолжуваат во другите општини и тоа Дебар, Струга,Охрид. Инфраструктурно имаме поврзаност на горните села од општината кои се наоѓаат на повисока надморска висина со градот Струга патен правец изграден во скоро време и има многу зголемување и олеснување на посетата на туристи во тој дел од нашава општина бидејќи таму се наоѓа локацијата на спомен куќата на таткото на Мустафа Кемал Ататурк. Оваа локација требаше да има и други атрактивности но за жал сеуште не се изградени. Министерството за култура е надлежно за оваа спомен куќа и сеуште нема никаков напредок во доуредување и доизградба на оваа локација која мислиме дека би била многу значајна и за општината и за државата за зголемена посетеност од туристи. Со досредувањето на оваа локација ќе се зголеми посетеноста а со тоа и можноста за унапредување на локалните бизниси и отворање на нови бизниси како објекти за сместување.

Исто така другата локација атрактивна за посета е пешачко велосипедската патека каде што се поврзува центарот на општината со Дебарското езеро. На оваа локација може да се изврши доградба со вклучување и на приватниот сектор со инвестирање во изградба покрај патеката. Овие две локации овозможуват за напредок и подобро надворешно позиционирање за посета на општината и евентуално инвестирање посебно инвестиции од страна на дијаспората бидејќи тие исто така спаѓаат во групата на посетители и се надеваме дека во иднина ќе бидат инвеститори ќе инвестираат во своето родно место.

За Локалните вредности и промотивноста на општината треба да се вклучат и инситуциите на национално ниво кои би можеле да помогнат во подобрување на степенот на надворешното позиционирање на нашата општина. Од нивна страна може да се понудат локации на инвеститори за развој на овој крај од државата, може да се зголеми промоцијата на овој крај од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот со заедничка соработка за промотивни активности.

Прирачник 9: Како општината е перцепцирана од страна на нејзините жители

Силни страни на имиџот кој го проектираме надворешно	*Степен на важност (1-5)*	*Слаби страни на имиџот кој го проектираме надворешно*	*Степен на важност (1-5)*
Општина која ги решава потребите на граѓаните во најкраток можен рок	*5*	*Поради рурална општина со помал број на жители не добиваме доволна помош од централната власт односно нееднаков третман на поголеми и помали општини*	*5*
Општина која се залага за подобрување на инфраструктурата за живеење во подобри услови	*5*	*Општина во која е зголемено исселувањето и намален број на приватни фирми*	*5*
Еднаквост за сите во општината	*5*	*Немање на подрачни канцеларии од јавните институции и од централната власт*	*5*
Отворена општина за сите проблеми и потреби	*5*		
Рурална општина со чиста и здрава животна средина за произведени здрави сточарски и земјоделски производи	*5*		
Општина во која може да се развие туризмот	*5*		
Можни активности кои лесно би можеле да се спроведат			*Од кого*
Одржување на поголем број на средби со граѓаните формални и неформални за да се дознае каде е во ред а каде се греши			*Градоначалникот, администрација училишта месни заедници, совет*

Во летниот период кога доаѓаат жителите на општината од дијаспората да се спроведат анкети кои би помогнале според добиените податоци да се подобри работењето на општината од нивен аспект	*Градоначалникот, администрација училишта месни заедници, совет*

СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
1.Општина со чиста и здрава животна средина за посета	1. Зголемено исселување
2.Мирна средина за одмор и релаксација	2. Неразвиен туризам

7. SWOT АНАЛИЗА

Силни страни	**Слаби страни**
• Добра географска положба и пристапност за развој • Постоење на традиционални занаети • Потенцијали за развој на планински, рурален и еко туризам • Развиена патна инфраструктура погодна за нови бизниси • Традиција во земјоделството и сточарството • Природни ресурси (шумски рерсурси и шумски плодови). • Еколошки чиста и здрава средина • Голема посетеност на изграденият музеј на таткото на Мустафа Кемал Ататурк во селото Коџаџик	• Недостаток на квалификувана работна сила • Ниско ниво на инвестиции • Слаба искористеност на финансиски средства и кредити од МСП • Потреба од урбанистичко планска документација • Немање на заедничка понуда на производи од страна на земјоделските и сточарските производители • Немање на патна сигнализација • Зголемена миграција и емиграција на населението; • Немање на туристички капацитети • Небрендирани производи • Неповрзаност на образовниот со бизнис секторот на локално ниво; • Непостоење на локални субвенции • Отсуство на претприемачки дух
Можности	**Закани**
• Меѓународни и владини програми за едукација на работна сила • Корисни државни програми за основање и поддршка на бизнисот и негов развој • Постоење на владини и меѓународни финансиски средства за локална инфраструктура • Отвореност на границата со Албанија за зголемен извоз и увоз на материјали и производи • Обезбедување на поквалитетни информации од областа на туризмот и инвестиции од страна на централната власт	• Тренд на исселување од државата на работна сила • Пандемија и безбедносни ризици • Светска економска криза • Нееднаков третман кон домашните и странските инвеститори • Изумирање на стари занаети • Слабо структурирано стопанство • Недостаток и несоодветна законска регулатива • Ценовни шокови поради кризни состојби. • Недоволни финансиски ресурси за

• Можност за странски инвестиции во капитални објекти • Невладини организации кои се подготвени за соработка со општината	справување со инфраструктурни предизвици • Бавен раст на економијата на државно ниво и ограничена економска моќ на граѓаните

Од оваа анализа може да се види дека општина Центар Жупа има силни и слаби страни за економскиот развој како и можности и закани за напредок на локалниот развој. Според оваа анализа и економската структура на општина Центар Жупа произлегоа визијата и стратешките цели.

8. ВИЗИЈА И ЦЕЛИ

ВИЗИЈА

Општина Центар Жупа – посакувано место за жителите, инвеститорите и посетителите, со развиена инфраструктура и атрактивна туристичка понуда, со препознатливо културно и гастрономско искуство засновано врз локални земјоделски и сточарски производи произведени во чиста и здрава животна средина.

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

1.Подобрување на локалниот економски развој преку инвестиции во севкупната инфраструктура.

2. Посакувана туристичка дестинација базирана на чиста и здрава животна средина, и органско производство на здрава храна.

3. Создавање на услови за привлекување на нови бизниси, развој на постоечките бизниси и отворање на нови работни места

9.АКЦИСКИ ПЛАН

Прирачник 12: Акциски план

Градежни блокови	***Клучни (стратешки) цели***	***Активности/проектни идеи***	***Времетраење (почеток/крај)***	***Вклучени партнери***	***Предвидени трошоци(ден)***	***Резултати (директни (outputs))***	***Мониторинг индикатори***
1.Земјиште и инфраструктура	1. Подобрување на локалниот економски развој со инвестиции во инфраструктурата.	Реконструкција на патен правец Центар Жупа – Мал Папрадник езеро	2023-2024	Центар за развој на Југозападниот регион, Биро за регионален развој	6,618,000	Изграден и функционален пат за населението и посетителите на општината кој го поврзува центарот на општината со Дебарското езеро преку селото Мал Папрадник	700 м Изграден пат
		Изградба на улици во с. Коџаџик	2023-2024	Министерство за транспорт и врски, Општина	22,000,000	Ново Изградени и реконструирани улици низ селото Коџаџик за полесно движење на жителите од селото и посетителите на селото а тие се во голем број поради тоа што на таа локација се наоѓа спомен куќата на Мустафа Кемал Ататурк.	2км изграден пат
		Реконструкција	2023-2025	Биро за	3,700,000	Целосно	1500м2 изграден патен

		на патен правец Илешка краста		регионален развој		Реконструиран патен правец во општината и овозможен подобар пристап на сите посетители и на жителите кои имаат куќи во тој дел од општината	правец
		Доградба на водоводна мрежа	2023-2025	Влада на РСМ, Општина, ЈП Кале, Донаторски организации	15,000,000	Зголемување на опфатеноста со водоводната мрежа на населени места кои не биле вклучени.	5 км Должина на изградена водоводна мрежа
		Изработка на урбанистички план за подобрување на локалниот економски развој	2023-2025	Влада на РСМ, Општина, Донаторски организации	10,000,000	Испланиран простор за создавање услови за влез на нови инвестиции, преку проширување на постоечките, како и оформување на нови градежни парцели	Изработен Детален урбанистички план
		Подобрување на постоечката и поставување нова хоризонтална и вертикална сигнализација	2023-2025	Општина, Министерство за транспорт и врски, Донаторски организации	600,000	*Подобрена* безбедност и поголема информираност на учесниците во сообраќајот,	Поставување на 20 сообраќајни знаци, и/или Поставување на сигнализација на 10 км патни правци

		Подобрување и модернизација на мрежата за јавното осветлување	2023-2025	Општина	600,000	Проектот има за цел да се подобри јавното улично осветлување, преку целосна реконструкција, модернизација и проширување на мрежата за улично осветлување посебно покрај индустриските капацитети во општината	поставување на нова улична мрежа во должина од 1 км со поставување на околу 20 нови светилки и замена на 30 светилки,
1. Надворешно позиционирање и маркетинг	2. Посакувана туристичка дестинација со чиста и здрава животна средина за органско производство на здрава храна.	Надградба на постоечка туристичка локација покрај езеро во општината со дополнителни содржини	2023-2025	Влада на РСМ, Општина, Агенција за развој на туризмот, Донаторски организации	5,000,000	Дополнета содржина на веќе постоечка туристичка локација посетена од голем број на посетители со мини детски парк, шеталиште, поставување на фонтана за вода, поставување дополнителни летниковци,	Изграден мини детски парк на 100 метри квадратни, Поставена една фонтана за вода за пиење, поставени уште три летниковци, поставено осветлување од 1км,
		Уредување на	2023-2025	Влада на	4,000,000	Поставена урбана	Обележани планински

		околината на локацијата кај Музејот спомен куќа на Мустафа Кемал Ататурк		РСМ, Општина, Донаторски организации		опрема за пикник и детски реквизити на оваа локација за еднодневен престој со обележани планински патеки за прошетка во тој дел.	патеки околу 5км,поставени пет детски реквизити на површина од 200 метри квадратни, поставени 10 клупи и 10 канти за отпадоци и пет летниковци
		Заедничка промоција со општините од југозападниот регион за промовирање за посета на овој крај	2023-2025	Југозападен плански регион, Општина, невладини организации	30,000	Зголемени промотивни активности со туристичките агенции во југозападниот регион. Зголемена свесност за локалните атракции на опптината. Зголемен интерес за посета на општината. Зголемен број на посетители	Изготвени испечатени и дистрибуирани промотивни материјали, одржани состаноци со туристички агенции за промоција и заеднички активности.
		Организирање на работилници за развој на руралниот туризам и занаетчиството	2023-2025	Општина, Агенција за промоција и поддршка на туризмот, Невладина организација Центар	5000	Зголемено знаење/познавање/разбирање на теми од областа на рурален туризам. Подобрени вештини за развој на рурален туризам	Одржани 2 работилници годишно со заинтересирани учесници,

				Жупа			
		Организирање на информативни работилници за брендирање на сточарски и земјоделски производи од овој крај.	2023-2025	Влада на РСМ, Општина, Министерство за земјоделство и сточарство, АФПЗРР,Земјоделски и сточарски организации	10,000	Зголемено знаење на производителите за да си оформат свој бренд на своите производи	Две работилници годишно со заинтересирани учесници на обуките
		Обуки за можностите на кредитирање на потенцијални производители на органски производи	2023-2025	Влада на РСМ, Општина, Министерство за земјоделство и сточарство, АФПЗРР,Земјоделски и сточарски организации, Банки	5000	Зголемена информираност за можностите кои се нудат од страна на банките и други финансиски институции за кредитни линии до производителите на органски производи	Организирање на обуки во зависност од понудите на банките и други институции за давање можности за кредитирање на потенцијални производители на органски производи
1.Вештини, човечки ресурси, инклузивност	3. Создавање на услови за привлекување на нови бизниси, развој на постоечките	Организирање на работилници и едукација за идни потенцијални претприемачи	2023-2025	Влада на РСМ, Општина, АППРСМ, Невладини организации	10,000	Зголемено знаење и вештини за претприемништвото и сите можности за основање на нов бизнис	Одржани работилници во текот на годината согласно барања од жителите на општината за нови знаења од оваа област

	бизниси и отворање на нови работни места			, образовни институции			
		Поврзување и соработка на образовните институции, бизнис секторот и јавните институции	2023-2025	Општина, образовни институции, бизнис сектор	5,000	Зголемување на знаењето за важноста од работење заедно и спојување на образованието со бизнисите и нивните потреби од вработувања на одредени профили на работници и насочување на младите лица во приватниот сектор а не во државниот каде што јавните институции ќе објаснат дека нивната иднина младите лица да ја гледаат во претприемништвото .	Одржани повеќе средби во текот на годината со заинтересираните учесници
		Обезбедување поддршка и помош за пријавување на разни фондови за поттикнување на	2023-2025	Општина, Образовни институции, бизнис сектор	5,000	Континуирано добивање на услуги и совети од страна на општината или со ангажирање на институции за фондовите кои може да бидат	Низ целата година во зависност од објавените повици на институциите и за пријавување на разни фондови Број на информативни средби. Број на учесници на тие

		претприемништвото за унапредување на постоечки бизнис со иновативност и опрема или основање на нов бизнис				искористени од страна на потенцијалните претприемачи	средби. Број на дадени совети. Број на корисници на советодавни услуги
		Организирање средби со исселенци за давање поддршка за инвестирање во своето родно место	2023-2025	Општина, совет на општина, месни заедници	5,000	Зголемана информираност и запознаеност со условите и можностите ако исселениците се решат да инвестираат во своето родно место	Двапати годишно организирани средби со заинтересирани учесници
		Специјализирани обуки за невработените лица, во соработка со локалните индустриски капацитети	2023-2025	Општина, Агенција за вработување, бизнис сектор	30,000	Утврдување на локалните потреби за работна сила и помогање на невработените лица полесно да најдат можност за вработување во деловните субјекти на територијата на општината	Двапати годишно до 20 учесници.